

**Проф. д-р Татјана Јаќовска**
Претседател на
Педијатриско респираторно здружение

**Почитувани колеги и пријатели,**

Со големо задоволство Ве покануваме на Втор симпозиум организиран од П**едијатриско Респираторно Здружение (PEDIARES)** кој ќе се одржи во **хотел Хилтон, Скопје, Северна Македонија во период од 10-12.05.2024 година**.

**Темата на симпозиумот е „Алергии во детска возраст".**

На симпозиумот ќе бидат представени теми и проблеми, но и најсовремена дијагностика и терапија од областа на алергологија, пулмологија, имунологија, гастроентерологија, оториноларингологија, детска хирургија и анестезиологија.

Ќе презентираат врвни предавачи од странство и Северна Македонија, ќе ги изнесат своите искуства и ставови во дијгностика и лечење на бројни патолошки состојби.
Симпозиумот е наменет за специјалисти и специјализанти по педијатрија, субспецијалисти по пулмологија, семејни доктори и доктори на школска медицина, микробиолози, хирурзи, ОРЛ специјалисти и други.

Воедно, овој Симпозиум ќе ви биде и можност за воспоставување нови професионални контакти и пријателства.

Симпозиумот е акредитиран од страна на Лекарска комора на С.Македонија (ЛКРСМ).

Се надеваме дека Вашето присуство и професионалниот интерес за новините, ќе придонесат за успешна реализација на планираните активности.

И оваа година стручниот дел ќе биде обогатен со богата културно-уметничка програма.
Однапред се радуваме на повторно дружење.

**Проф. д-р Татјана Јаќовска**
Претседател на
Педијатриско респираторно здружение

